# РЕГИСТАР НА ПОТЕНЦИЈАЛИ ЗА РАЗВОЈ НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ ВО ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН




**Велес, март 2016**

**Нарачател:**
**Центар за развој на Вардарски плански регион**
**Пенко Брашнар бр. 1, 1400 Велес**
**Република Македонија**
**www.vardarregion.gov.mk**

**Регистарот го изработи:**
**Глобал Проект Консалтинг**
Консултантски тим:
Одговорен истражувач Проф. Д-р Науме Мариноски
Главен истражувач: Проф. Д-р Иванка Несторoска
Истражувач: Проф. Д-р Цветко Андреески
Помлади истражувачи: М-р Михаел Ристески, М-р Надица Ристески

**Регистарот на потенцијали за рурален туризам во Североисточниот плански регион е изработен во рамки на проектот на Министерството за локална самоуправа „Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво“ кој го спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).**

# Содржина

1.ВОВЕД ... 7

2. ЗА ПРОЕКТОТ ... 8

3. МЕТОДОЛОШКИ АЛАТКИ И ПРИСТАП ... 8

4.РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ... 10

4.1 Реализација на кабинетското истражување и добиени резултати ... 10

4.1.1 Анализа на релевантна литература и извори на податоци. ... 10

4.1.2 Цели на кабинетското истражување ... 10

4.1.2.1 Општи карактеристики на регионот и општините ... 11

4.1.2.2 Водич за дефинирање на основите на руралниот туризам ... 13

4.1.2.3 Креирање на матрици на индикатори и информации ... 14

4.2 Приказ на вредностите на матрицата од кабинетското истражување ... 15

4.2.1 Евидентната листа на туристичката понуда ги опфаќа следниве компоненти: ... 15

4.2.1.1 Животна средина ... 15

4.2.1.2 Население, економска активност, производство и услуги ... 44

4.2.1.3 Пристап, транспорт, патувања ... 52

4.2.1.4 Култура, културни активности ........ 56
4.2.1.5 Рекреација и спорт ........ 70
4.2.1.6 Услуги за сместување и услуги на храна и пијалаци ........ 73
4.2.1.7 Настани (саеми, конгреси, конференции и сл.) ........ 75
4.2.2 Евидентна листа на туристичката побарувачка ........ 75
4.2.2.1 Посетеност ........ 76
4.2.2.2 Престој ........ 76
4.2.2.3 Потрошувачка ........ 77
4.2.2.4 Пазари ........ 78
4.2.3 Евидентна листа  на конкуренцијата ........ 79
4.2.4 Евидентна листа на пазарните трендови ........ 82
5. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТЕРЕНСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ ........ 84
5.1 Фактори ........ 86
5.1.1 Туристичко-географска положба ........ 86
5.1.2 Природни фактори ........ 87
5.1.3 Културни фактори ........ 94
5.1.4 Човечки фактори ........ 104
5.1.5 Фактори на капиталот ........ 105
5.2 Атрактори ........ 106
5.2.1. Природни атрактори ........ 107
5.2.2. Културни атрактори ........ 108

5.2.3. Центри ........ 110
5.3 Поддршка ........ 112
5.3.1 Угостителство ........ 113
5.3.2 Транспорт ........ 114
5.3.3 Пратечки услуги ........ 114
5.4 Посетеност ........ 116
5.5 Потрошувачка ........ 116
5.6 Оценка на пазарот ........ 117
5.7 Оценка на конкурентноста ........ 118
5.8 Оценка на пазарните трендови ........ 118
6. ЗОНИРАЊЕ НА МОЖНОСТИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ ВО ВПР ........ 119
7. МАПИРАЊЕ И ПРИОРИТИЗАЦИЈА ........ 123
8. ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА ........ 128

# АПСТРАКТ

Бројни средини кои поседуваат ресурски потенцијали можат да претставуваат значаен потенцијал за руралниот туризам, односно да се искористат нивните вредности во нови туристички содржини на туристичката понуда. Тие ресурси претставуваат дел на вкупниот квалитет на регионот. Поради тоа потребно е да се изврши нивна инвентаризација, односно евидентирање во даден Регистар за да може да се дефинираат насоките на влијание на креаторите на туристичките стратегии и планови. Со тоа ќе се поттикне и вкупниот социо-економски развој на регионот. Дефинираните потенцијали ќе им овозможат на одлучувачите да изнајдат најдобри решенија за одржлив развој во оваа смисла. Меѓутоа, не е доволно само евидентирањето на ресурсите кои се присутни во регионот, туку и истите треба да се диференцираат според нивната важност. За тоа да се изврши потребно е да се прибават квантитативни и квалитативни податоци. Овие податоци може да се прибават на различни методи и начини, користејќи канцелариско и теренско истражување. Новостекнатите знаења треба да се споредат со веќе донесените и имплементираните документи кои се однесуваат на одржливиот туристички развој, како и истите да се унапредат. Исто така, треба да се користат современи методи и техники на прибавување и обработка на податоци, како што претставува ФАС_методологијата на Светската туристичка организација. Определените податоци за квантитетот и квалитетот на ресурсите може потоа да се искористат за мапирање на постоечките потенцијали во регионот. Тоа овозможува давање на јасни насоки за делување преку акциони планови и стратегии за унапредување на факторите, атракторите и услугите на поддршка. Вардарскиот плански регион располага со бројни и значајни потенцијали (ресурси) за развивање на руралниот туризам. Вредностите на руралниот туризам може да се стават како комплементарни елементи во други видови на производи, односно видови туризам.

## 1. ВОВЕД

Со евидентирањето на туристичките вредности во структуриран Регистар ќе се прикажат карактеристиките на регионот во функција на туристичкиот развој, како и претставување на поединечните општински и вкупните регионални ресурси.

Регистрирањето на потенцијалите и развојот на руралниот туризам во регионот ќе поттикнат натамошни идни активности и преземања за користење на тие ресурси. Ова истражување се потпира на постулатите за одржлив развој што е во согласност со барањата на Светската туристичка организација. Тоа подразбира дека со динамиката која ја наметнува туризмот условува поттикнување на различни дејности во определена локална средина. Туризмот така добива улога на чинител на општествениот и економскиот развој, афирматор на вредностите на просторот, значаен фактор во заштитата и унапредувањето на животната средина и промотор на постоечките потенцијали. Овие активности се однесуваат на оспособување на локалните лидери и засегнати групи за идентификување, вреднување и креирање на политики кои ќе овозможат динамизирање на туристичките процеси во Вардарскиот плански регион.

Користената ФАС-методологија во рамките на истражувањето е нова и актуелна методологија која се користи во многу подрачја и земји во светот. Посебно поволно искуство има Република Србија каде веќе успешно се користи оваа методологија. ФАС-методологијата може да се прошири и надоградува во територијалните средини каде е користена, дури и кога се разгледуваат истите потенцијали. Исто така, поради специфичностите кои постојат во различните територијални целини, не може да се применува универзална верзија на овој методолошки пристап. Поради посебностите на Вардарскиот плански регион, како туристички регион, оваа методологија подлегна на неколку базични измени и прилагодувања.

Извршените кабинетски и теренски истражувања како почетна фаза на примената на оваа методологија се поврзуваат и надоградуваат помеѓу себе. Поточно, податоците прибрани од секундарни извори, се надоградуваат со ставовите и мислењата на експертите од оваа област, инволвираните страни и познаватели на прилики. Издржаноста на оваа методолошка рамка се состои во тоа што не беа земени предвид само експертски толкувања за квантитетот и квалитетот на потенцијалите за рурално-туристички развој, туку се извршија и примарни истражувања за добивање на релевантни податоци. Составен дел на ФАС-методологијата претставуваат факторите, атракторите и услугите на поддршката, што ги определи експертската група и познавателите на прилики. Всушност тоа претставува инструмент на аналитичко вкрстување со што најточно може да се евидентираат и регистрираат туристичките потенцијали за развој на руралниот туризам во Вардарскиот плански регион.

## 2. ЗА ПРОЕКТОТ

Проектот „***Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво***“ се имплементира од страна на УНДП во соработка со Министерството за локална самоуправа (МЛС). Главна цел на проектот е да му овозможи на МЛС, како координатор и надгледувач на прашањата поврзани со децентрализацијата и локалното владеење, да ги унапреди понатамошните напори во промовирање на локално владеење насочено кон граѓанинот, започнувајќи од мерење на задоволството на граѓаните до предлагање на конкретни мерки за подобро учество на локално ниво и подобар пристап до услуги.

Проектните интервенции директно ги поддржуваат сите 8 плански региони во Република Македонија во насока на остварување на поголемо ниво на инклузивност и компетитивност и се во согласност со напорите на Владата и Министерството за локална самоуправа да ги искористат потенцијалите на локалните и регионалните институции во остварување на осмислен и одржлив раст и развој на регионите во земјата.

Развивањето на Регистрите на потенцијали за рурален туризам се реализира во рамки на проектната компонента која се однесува на развојот и поддршката на руралниот туризам за заживување на економскиот развој и изнаоѓање на нови начини за развој на руралните општини, како и враќање на населението во селата. Оваа активност произлезе од потребата за дополнителна поддршка на дел од регионите, така што вакви регистри покрај за Вардарскиот плански регион се изготвија и за Полошкиот, Југозападниот и Североисточниот плански регион.

## 3. МЕТОДОЛОШКИ АЛАТКИ И ПРИСТАП

Методологијата на изработка на Регистарот подразбираше примена на современите знаења во областа на руралниот туризам во Светот и поедини држави како одржлива содржина. Во таа смисла посебно се значајни експертските мислења на ангажираните стручњаци од страна на УНДП. Нивната сугестија за примена на најрелевантните истражувачки пристапи овозможи не само да се прифатат, туку и да се прошират во насока на евидентирање на специфичностите што ги поседува планскиот регион.

Во реализацијата на истражувањето се креираше пристап кој овозможи истражувачите да предложат, а засегнатите страни самостојно да ги препознаат и искористат туристичките потенцијали во руралните средини. Со овој пристап се создадоа можности за вклучување на ресурсите во туристичката понуда и конкретните туристички производи. Придобивките се однесуваат не само во интензивирањето на развојот на планскиот регион туку и во неговата интерна и екстерна кооперативност и избалансиран социо-економски развој. Подготвеноста на лидерите и засегнатите страни да ги искористат вредностите ќе им овозможи успешен настап пред локалните, државните и меѓународните структури во искористување на

предвидените стратешки можности. Теренското истражување опфати пополнување  на структуриран прашалник. Прашалникот се темели  на ФАС методологијата  која се применува од Светската Туристичка Организација на ОН (UNWTO) со цел да се направи проценка на туристичките вредности во определен простор. Оваа методологија овозможува проценка на туристичките содржини идентификувани како „Фактори", „Атрактори" и "Поддршка на услугите" (Factors, Attractors and Support Services - FAS) со што се објаснува дестинацијата како комплекс од интеракција на подсистеми во овие три области кои се меѓусебно поврзани.

Сите активности се реализирани во соработка со одговорните лица во Вардарскиот плански регион, координаторот на проектот, општинските структури и засегнатите страни. Врз основа на ваквата структурална издржаност можеше да се дојде до релевантност на компонентите кои се составен дел на Регистарот.  Во реализацијата на ваквите истражувачки активности посебно е важно да се истакне дека се одржани официјални три консултативни состаноци и поединечни консултативни состаноци со релевантните чинители на општините на Вардарскиот плански регион. На консултативните состаноци учествуваа поголем број учесници кои дадоа свој придонес во изготвувањето на Регистарот.

За да можат да се прифатат стандардите кои се однесуваат на просторната евалуација на локалните средини  и туристичките потенцијали овие резултати даваат насоки  во функција на оптимално користење на просторот за рурално-туристички активности.

Предвидениот регистар  се добива така што се применува методологија која опфаќа квантитативни и квалитативни аспекти. Размената на искуства и интерпретацијата на добиените резултати од истражувачкиот тим  подлегнува на проверка преку организирање на работилници. Така се воспоставува релација помеѓу ставовите и мислењата на засегнатите страни, познаватели на прилики и истражувачкиот тим. Под познаватели на прилики подразбираме најинволвирани субјекти во областа на можностите за развој на туризмот. Учесниците беа од повеќе области: раководителот на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион; лице именувано како координатор на проектот кое зад себе има активности сврзани со развојот на руралниот развој на ВПР; претставници на ЛЕР-овите во ВПР; претставници од Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот во РМ; претставници од образовни организации од формален и неформален карактер;претставници од ЦЕНЕТ-Кавадарци; претставници од различни даватели на угостителски услуги; претставници на музеи; претставници на спортско-рекреативни друштва; алпинистички и спортски качувачи - Александар Кленов; здруженија на мали производители; претставници на здруженија на невладиниот сектор од областа на заштита на животната средина, правата на жените; Асоцијации и комори на сточарството, образованието, унапредувањето на земјоделието и друго. Ваквиот пристап придонесува да се структурира Регистар за потенцијали за рурален туризам во утврдените просторни целини.

## 4.РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето е во согласност со утврдената методологија која подразбира две издвоени активности кои меѓусебно се компатибилни и кои овозможуваат добивање на релевантни резултати. Тоа значи дека во оваа смисла ќе се реализираат истражувања во рамките на кабинетскиот пристап и истражувања кои ќе имаат теренски карактер. Кабинетските истражувања имаат пред се квантитативни, додека теренските истражувања се со квалитативни карактеристики.

### 4.1 Реализација на кабинетското истражување и добиени резултати

Во рамките на методолошкиот пристап се воспоставија насоки во горенаведената смисла. Во тој поглед истражувачкиот тим ги презеде следниве фази:

#### *4.1.1 Анализа на релевантна литература и извори на податоци.*

Анализата опфати проекти и стратешки документи во полза на проектот. Беа анализирани документи кои ја отсликуваат улогата и значењето на руралниот туризам во ВПР. Тие имаат различна природа, но во основа придонесуваат или пак имаат круцијална важност во утврдувањето на секоја зона или локалитет, како можност за развој на руралниот туризам. Овие документи се дадени во Анекс 1 на Регистарот.

#### *4.1.2 Цели на кабинетското истражување*

Целта на кабинетското истражување е да ги опфати карактеристиките на појавите и односите во функција на развој на руралниот туризам кои се публикувани и кои како такви претставуваат дел од систематизираните показатели во Регистарот. Во таа смисла потребно е да се опфатат следниве категории:

- општи карактеристики на регионот и општините кои се составен административен дел;
- подготовка на водич за дефинирање на основите на руралниот туризам;

- креирање на матрици на  индикатори и информации.

*4.1.2.1 Општи карактеристики на регионот и општините*

Вардарскиот плански регион се простира во централниот дел на Република Македонија и го опфаќа средното сливно подрачје на реката Вардар, долните теченија на притоките Брегалница и Црна Река и крајниот западен дел од Овче Поле. Зафаќа површина од 4042 km или 16% од територијата на Република Македонија. Во овој регион влегуваат 9 општини  во кои се лоцирани 215 населени места. Општините кои влегуваат во состав на регионот се: Свети Николе, Кавадарци, Велес, Градско, Неготино, Росоман, Чашка,Демир Капија и Лозово. Речиси половина (четири) од општините во регионот се рурални. Со развојот на целокупниот регион раководи Центарот за развој на Вардарскиот плански регион.

Општина Свети Николе се наоѓа во североисточниот дел на Република Македонија. Лежи во Овчеполската котлина и зафаќа површина од 480 $km^2$ и се вбројува меѓу најголемите општини во Република Македонија. Се граничи со општините Скопје, Велес, Штип, Пробиштип и Куманово. Во рамките на Општината се наоѓаат 34 населби но постојани се 32 заедно со централното место Свети Николе (раселени се стара и нова Мездра) а тоа се: Алакинце, Амзабегово, Арбасанци, Богословец, Буриловци, Горно Ѓуѓанце, Долно Ѓуѓанце, Горно Црнилиште, Горобинци, Долно Црнилиште, Ерџелија, Кадрифаково, Кнежје, Крушица, Макреш, Малино, Мечкуевци, Мустафино, Немањица, Орел, Павлешенци, Патетино, Пеширово, Преод, Ранченци, Сопот, Стануловци, Стањевци, Строиманци, Трстеник.

Територијата на Општина Кавадарци се простира на подрачјето на средно Повардарие и делот на Црноречиeто, зафаќа значителен дел од Тиквешката котлина. Зафаќа површина од 992,44 $km^2$ и спаѓа во редот на поголемите општини во државата.  Во рамките на Општина Кавадарци постојат вкупно 40 населени места, градот Кавадарци и селата: Бегниште, Бојанчиште, Бохула, Брушани, Бунарче, Ваташа, Возарци, Галиште, Гарниково, Глишиќ, Горна Бошава, Грбовец, Дабниште, Добротино, Долна Бошава, Драгожел, Драдња, Дреново, Кесендре, Клиново, Конопиште, Кошани, Крњево, Куманичево, Мајден, Марена, Мрежичко, Праведник, Р’жаново, Радња, Раец, Ресава, Рожден, Сопот, Страгово, Фариш, Чемерско, Шешково и Шивец.

Општина Велес е лоцирана во централното подрачје на Република Македонија, зафаќа површина од 507 $km^2$. Таа претставува значаен сообраќаен јазол каде што се вкрстуваат најважните патни и железнички сообраќајни правци на меѓународниот сообраќаен коридор кој ја поврзува Европа со блискиот Исток и Северна Африка.  Со постојната територијална поделба, Општина Велес опфаќа околу 30 населени места, меѓу кои: Башино село, Белештевица, Бузалково, Ветерско, Горно Караслари, Горно Оризари, Долно Караслари, Долно Оризари, Иванковци, Карабуниште, Крушје,

Кумарино, Лугунци, Мамутчево, Новачани, Ново село, Отовица, Ораовец, Раштани, Рлевци, Рудник, Сливник, С'лп, Сујаклари, Сопот, Црквино, Чолошево, Џидимирци.

Општина Градско е лоцирана во рамничарскиот дел на средиштето Македонија, наречено средно Повардарие.Територијата на Општина Градско зафаќа површина од 290 км$^2$ и според големината се вбројува во групата на средно големи општини. Општината опфаќа вкупно 16 населени места, од кои 10 се активни. Централно место и седиште на општината е населбата Градско со околу 3000 жители, а други постоечки населени места се: Виничани, Водоврати, Горно Чичево, Долно Чичево, Грнчиште, Кочилари, Ногаевци, Подлес и Уланци.

Општина Неготино е лоцирана во централниот дел од Република Македонија, во областа на средното Повардарие. Зафаќа површина од 414 км$^2$ ,се наоѓа на просечна надморска височина од 150 m. Го зафаќа источниот дел од Тиквешката котлина, на двете страни од реката Вардар, а на југоисток граничи со Општина Демир Капија, на север со Штип, на исток со Конче, на југ со Кавадарци, на запад со Росоман и на северозапад со Градско.  Општина Неготино ја сочинуваат градот Неготино и селата: Брусник, Вешје, Војшанци, Горни Дисан, Долни Дисан, Дуброво, Јаношево, Калањево, Криволак, Курија, Липа, Пепелиште, Пештерница, Тимјаник, Тремник, Црвени Брегови, Џидимирци и Шеоба.

Општина Росоман се наоѓа во централниот дел на Република Македонија, во долниот тек на реката Црна. Нејзините соседни општини се општините Кавадарци, Неготино, Градско и Чашка. Општина Росоман спаѓа во групата на помали општини во Република Македонија, како според површината така и според бројот на населението кое живее на нејзината површина. Површината на Општина Росоман изнесува 134 km$^2$. Во Општина Росоман постојат 10 населени места: Паликура, Рибарци, Манастирец, Трстеник, Дебриште, Камен дол, Мрзен Ораовец, Сирково, Крушевица и како центар на општината Росоман.

Општина Чашка се наоѓа во централниот дел на Република Македонија. Зафаќа површина од 825 km$^2$, и се вбројува меѓу трите најголеми општини во Република Македонија. Соседни општини со кои се граничи се од исток Велес и Градско, од север со Зелениково и Студеничани, од запад со Македонски брод и Долнени и на јужниот дел со Прилеп и Кавадарци. Во рамките на Општина Чашка постојат 42 населени места, односно: населба Чашка, Војница, Раковец, Дреново, Отиштино, Бањица, Бусулци, Голозинци, Горно Врановци, Мелница, Лисиче, Ново село, Крива Круша, Крајници, Еловец, Витанци, Горно Јаболчиште, Долно Јаболчиште, Извор, Долно Врановци, Мартолци, Оморани, Владиловци, Крнино, Попадија, Поменово, Степанци, Смиловци, Стари град, Богомила, теово, Согле, Ореше, Нежилово, Папрадиште, Црешнево, Ораов дол, Габровник, Мокрени, Капиново, Плевење, Бистрица.

Општина Демир Капија е сместена во живописната Демиркаписка клисура на крајниот југ на Република Македонија во тиквешката област. Општината зафаќа површина од 311,06 km$^2$. Се граничи со следните населени места: Неготино, Кавадарци, Гевгелија, Валандово и Конче. Во склоп

на Општината влегуваат следните населени места: градот Демир Капија и селата Барово, Басвица, Бистренци, Драчевица, Дрен, Иберли, Клисура, Кошарка, Копришница, Корешница, Прждево, Стрмашево, Челевац и Чифлик.

Општина Лозово се наоѓа во североисточниот дел на Република Македонија, во подножјето на овчеполската котлина. Општината Лозово спаѓа во групата на помали општини во РМ. Имено, површината на Општина Лозово изнесува 165 км$^2$. Соседни општини се општините Штип, Велес, Свети Николе и Градско. Населени места во Општина Лозово се: Лозово, Сарамзалино, Дорфулија, Каратманово, Ќоселери, Милино, Беќирлија, Кишино, Аџиматово, Ѓузумелци и Аџибеково.

*4.1.2.2 Водич за дефинирање на основите на руралниот туризам*

Водичот претставува задача во истражувачкиот процес и отсликува како да се димензионира активноста во добивањето на Регистарот. Тој всушност претставува составен дел на процесните активности во добивањето на Регистарот.

Врз основа на истражувачките активности се дојде до креирање на Водич за дефинирање на основите на руралниот туризам во ВПР. Водичот ги опфаќа следниве компоненти:

- систематизирање на елементи на понудата која ја опфаќа инвентаризацијата и валоризацијата во функција на развој на руралниот туризам,
- спроведување на евалуација на туристичките потенцијали од страна на Центарот за развој на ВПР,
- за да може успешно да се согледа руралниот туризам како пазарна категорија треба да се согледаат комопнентите на побарувачката, конкурентноста и пазарните трендови - дефинирање на основите на руралниот туризам во определен просторна целина врз основа на добиените параметри и вредностите кои ги поседува регионот

Водичот опфаќа модели на истражување кои се креирани во функција на собирање на сите релевантни информации во врска со туристичките потенцијали на руралните средини во планскиот региони. Тоа вклучува:

- прибирање податоци од постојната статистика поврзана со туризмот во руралните општини и руралните средини на урбани општини;
- информации во врска со туристичките потенцијали на руралните области од релевантни емпириски истражувања, студии за валоризација на културното и природното богатство, национални и локални стратегии, планови и програми кои се однесуваат на општите и посебните развојни карактеристики на туризмот, како и управување со заштитените подрачја и
- туристички водичи, промотивни брошури и различни мапи.

*4.1.2.3 Креирање на матрици на индикатори и информации*

Во насока на добивање на релевантни индикатори и информации и нивна туристичка валоризација во функција на развој на руралниот туризам креиравме матрици. Матриците се однесуваат на вредности кои се добиваат преку истражувачки активности во кабинетскиот и теренскиот дел. Секоја поединечна матрица овозможува вкрстување на вредностите на индикаторите. Добиените податоци овозможија да се креира база на информации и индикатори кои ќе послужат во оформување на Регистарот на потенцијали за рурален туризам во руралните општини и руралните области на урбаните општини. При тоа во креирање на моделите на истражување применети се и искуствата и упатствата од Leader II Водичот за проценка на туристичките потенцијали – Врски меѓу активности за развој на рурални економии (Evaluating a territory’s touristic potentials: Links between actions for the development of rural economy Leader European Observatory) и Европскиот прирачник за туристички индикатори за одржливи дестинации (European Tourism Indicator System Toolkit for Sustainable Destinations).

Квантитативното истражување се заснова на креирани матрици за оценување на туристичките потенцијали врз основа на анализа на :

- туристичката понуда;
- туристичката побарувачка;
- конкурентноста и
- пазарните трендови

- Туристичката понуда ги опфаќа туристичките потенцијали во определена рурална средина која подразбира анализа на постојната туристичка состојба и дијагноза која преку споредување на резултатите од тековната ситуација ќе овозможи идентификување на просторните карактеристики во позитивна и негативна смисла.
- Анализата на бројот на посетители, искористеност на поедини видови сместувачки капацитети, реализираните ноќевања, регионална дистрибуција на побарувачката и структурата на странски посетители според земја на припадност претставува основа за идентификување на туристичката побарувачка во регионите што се истражуваат.
- Сознанијата што ќе се добијат преку истражување на конкуренцијата на регионите и општините ќе придонесат да се осознаат можностите за искористување на конкурентските предности на регионите што се истражуваат, но и да се искористат постојните на конкурентните региони со што се отвораат можности за креирање на заеднички туристички производи.
- Пазарните трендови како дел од матрицата овозможуваат чинителите на развојните политики да ги имаат во предвид при креирањето на конкретни туристички производи.

### 4.2 Приказ  на вредностите на матрицата од кабинетското истражување

Кабинетското истражување овозможи да се добијат резултати кои се однесуваат на карактеристиките на туристичката понуда, туристичката побарувачка, конкурентноста и пазарните трендови во ВПР. Со анализата на резултатите се дојде до формирање на  евидентна листа на  вредности кои овозможуваат согледување на можностите за развој на рурален туризам во ВПР.

#### *4.2.1 Евидентната листа на туристичката понуда ги опфаќа следниве компоненти:*

- животната средина,
- населението, економската активност, производството и услугите;
- пристапот, транспортот и патувањата;
- културата и културните активности;
- рекреацијата и спортот;
- сместување, ресторани и
  настани( односно саеми, конгреси и конференции)

Тие се дадени низ табеларни прикази во кои се опфатени областите на истражување, индикаторите, параметрите и информациите, описот и можностите за користење во развојот на руралниот туризам и изворот на податоци.

*4.2.1.1 Животна средина*

Животната средина е регистрирана низ призма на определување на индикаторите и параметрите кои опфаќаат територијалност и лоцираност вредностите на туристичко-географската положба, релјефните, хидрографските и  биогеографските карактеристики, начин на користење на земјиштето, заштитени зони како туристичка вредност и растителниот и животинскиот свет. Овие вредности се дадени преку можностите за користење во руралниот туризам, и поттикнување на вкупниот развој. Приказот е даден табеларно

**Табела 1: Регистар на компонентите на животната средина во ВПР**

| ОБЛАСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ | Индикатори и параметри, информации и објаснувања од истражувачите | ОПИС И МОЖНОСТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ВО РАЗВОЈ НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ | Извор на податоци |
|---|---|---|---|
| **Површина на територијата (ха)** | Вкупна површина на регионот: 4042 $km^{2.}$<br>Општини кои припаѓаат на регионот:<br>- Велес – 507 $км^2$<br>- Неготино – 414 $км^2$<br>- Кавадарци – 992,44 $км^2$<br>- Свети Николе – 480 $км^2$<br>- Демир Капија – 311,06 $км^2$<br>- Чашка - 825 $км^2$<br>- Градско – 290 $км^2$<br>- Росоман – 134 $км^2$<br>- Лозово – 165 $км^2$ | - Територија на планскиот регион изнесува 16% од територијата на РМ<br>- Регионот има вкупно 215 населени места, од нив 5 се урбани (Велес, Неготино, Демир Капија, Св. Николе и Кавадарци) и 210 рурални населби<br>- Во рамките на овој регион општините Чашка, Градско, Росоман и Лозово се сметаат за рурални општини чија вкупна површина изнесува 1414 $км^2$ или 34,98% од вкупната територија на регионот.<br>Соодносот помеѓу рурални и урбани средини е поволен за нивно вклучување во развој на рурален туризам. | Центар за развој на Вардарскиот плански регион<br>Водич низ регионите во Република Македонија |
| **ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА** | Помеѓу и $41^0 10'$ и $42^0 00'$ СГШ<br>Помеѓу $21^0 37'$ и $22^0 35'$ ИГД | - Регионот се наоѓа во централниот дел на РМ, а од јужната страна се граничи со Грција преку општината Кавадарци.<br>- Гранична поврзаност со Скопскиот, Југозападниот, Источниот, Пелагонискиот, Североисточниот и Југоисточниот плански регион. | Географска карта |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Контактност** | Меѓународна<br>- Грција | Во Грција контактибилен простор претставува регионалната единица Пела во провинцијата Централна Македонија со општината Меглен (Алмопиа) кој се граничи со општината Кавадарци на Вардарскиот плански регион во Република Македонија.<br>Поволна интра и интер регионална контактност на регионот за домашен и меѓународен туризам. | Центар за развој на Вардарскиот плански регион, Географска карта |
| Гранични премини | Се граничи со Република Грција, но нема граничен премин | Отворањето на граничен премин би овозможил поголема флуктуација на туристичка клиентела. | Географска карта на РМ |
| Туристички вредности на планските региони со кои се граничи (заеднички вредности) | - Источен Регион<br><br><br><br><br>- Скопски Регион<br><br><br><br><br>- Југозападен Регион<br><br><br>- Пелагониски Регион<br><br><br>- Југоисточен Регион | Река Пчиња<br>Комплекс Пониква<br>Река Брегалница<br>Градишка Планина<br><br>Планински масив Јакупица<br>Река Вардар<br>Таорска Клисура<br>Голешница<br><br>Планина Даутица<br><br><br>Црна Река<br><br><br>Кожуф<br>Вардар | Географска карта на РМ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Транзитност** | Вардарскиот регион се наоѓа на главната сообраќајна артерија на РМ Е-75, коридор 10, меѓународна железничка линија Скопје-Велес-Гевгелија-граница со Грција на коридорот со должина од 106,6 км<br><br>- Во овој регион се лоцирани три леталишта за стопанска авијација (Пешиново - Св. Николе; Црвени брегови - Неготино и Росоман - Кавадарци) | Ова е главна патна артерија која овозможува пристапност до руралните средини<br><br>Леталиштата овозможуваат користење во агро-цели и воздушно набљудување на руралните средини | Географска карта на РМ |
| Локалитети за транзитно-туристички активности | **Магистрала Е-75**<br>- Манастир св. Богородица – паркинг, простор за возила,<br>- наплатна станица Сопот – општина Велес<br>- Езеро „Младост“ – општина Велес<br>- Хотел „Романтик“ – општина Велес<br>- Хотел Брод „Панини“- општина Велес<br>- Мотел на Велешко Езеро-општина Велес<br>- С. Отовица – општина Велес<br>- С. Башино Село – црква св. Никола – општина Велес<br>- С. Чалошево – општина Велес<br>- БС Лукоил – општина Велес<br>- БС Макпетрол - општина Велес<br>- Царински терминал – мотел Македонија – општина Велес | Тоа е простор за сигнализација, визуелизација и дистрибуција на промотивен материјал на руралните средини и комплементарни туристички производи.<br><br>Винариите се доминантна рурално-туристичка понуда во регионот. | Географска карта на РМ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - С. Долно Караслари – општина Велес<br>- С. Згрополци, с. Виничани, С.Уланци – општина Градско<br>- Населба Градско (винарија Стоби) – општина Градско<br>- Арх.локалитет Стоби – општина Росоман<br>- БС Макпетрол – општина Неготино<br>- С.Тремник – општина Неготионо<br>- С. Бистренци – општина Демир Капија<br>- С. Корешница – општина Демир Капија<br><br>**Р-106 локален пат**<br>- Винарија Еленов (општина Демир Капија)<br>- Винарија Попова Кула – (општина Демир Капија) | | |
| **Поливалентност** | - Грција, постоење на селски туризам во Мегленско, водопади во општина Воден | Користење на искуства од формирање на различни видови туристички производи<br>Отсуство на директна комуникативност | - Географска карта на Р Македонија, издавач: Просветно дело Скопје, Република Македонија, размер 1:280000, печатена ЕООД Картографија, Софија, Р Бугарија |
| **РЕЛЈЕФ (ГЕОМОРФОЛОШКИ ВРЕДНОСТИ)** | Сложена релјефна конфигурација | Релјефните форми кои можат да се вклучат во креирање на туристичка понуда се нагласени во ВПР. | Географска Карта, Географски библиографски изданија Министерство за животна средина и просторно планирање |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Главни планини** | - Јакупица<br>(Предложена за Национален Парк (28000 ха))<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>Кожуф (површина од 893 км2)-<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>-Бабуна<br><br><br>- Голешница, Даутица, Клепа, Кучукол, Градиштанска Планина, Манговица, Конечка Планина | Подрачјето на Јакупица е богато со многу природни ресурси кои што можат да се искористат за рекреативна, научно-истражувачка, студиско-воспитна, еколошка и други намени.<br>Овие вредности нудат можност за едукативни и рекреативни активности кои се во тесна врска со руралната туристичка понуда<br><br>Постои ски-центар кој располага со одлични услови за скијање, два ски-лифта со капацитет на носење по 3.000 скијачи за еден час до врвот на жичарницата, еден шестосед кој е единствен од таков тип на Балканот, ресторан, бачило, 16 апартмани и 16 км скијачки патеки.<br>Поволен простор за нудење на конкретни рурално-туристички производи со рекреативни, спортски и едукативни содржини.<br><br>Планината Бабуна е карактеристична по присуство на раритетни пештери.<br>Присуство на планински села и можност за рекреативни содржини | Стратегијата за промоција и маркетинг на Вардарскиот плански Регион |

| | | | |
|---|---|---|---|
| највисок врв | - Солунска глава 2538м (Јакупица)<br>- Зелен Брег 2166м (Кожуф)<br>- Св. Јовански Рид 755м (Богословец)<br>- Бел Камен (Даутица) - 2074м<br>- Лисец (Голешница) - 1938<br>- Градиште (Градиштанска Планина) - 861<br>- Асаница (Манговица) - 874м<br>- Волчјак (Конечка) - 1159м<br>- Градишки Врв (Градишка) - 1002м | Можности за лоцирање на видиковци и алпинизам | Географска карта на РМ |
| просечна надморска височина | - 1347м (Јакупица)<br>- 1203 м (Кожуф) | Можности за локации за пикници и разгледување | Географска карта на РМ |
| денивелација (разлика помеѓу највисоката точка и најниската точка на скијачките патеки) | - 1100 м. (Кожуф) | Искористена денивелацијата и трасирани скијачки патеки | Географска карта на РМ |
| **Котлини**<br>Површина и надморска висина | Овче Поле<br>- 285 мнв<br>- 480 км$^2$ површина<br><br>Тиквешка котлина<br>- 200 мнв<br>- 604 км$^2$<br><br>Велешка котлина<br>- 225 мнв<br>- 6 км$^2$<br><br>Котлина Раец (Тројачка Котлина)<br>-502мнв<br>-50 км$^2$ | Котлините се погодни за земјоделски активности и основа за развој на рурален туризам. Преовладува културата винова лоза која е основа на винскиот туризам. | СТУДИЈА ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА СТРАТЕШКИ ЛОКАЦИИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ИНФОРМАТИВНИ ПУНКТОВИ ДОЛЖ КОРИДОРОТ 10 И МАГИСТРАЛНИОТ ПРАВЕЦ М-5 ВО ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН<br><br>Географска карта на РМ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Клисури и кањони** | - Пешти<br>површина од 727 ха, долга околу 500 м, има 24 видови на пештери<br><br>- Клисура на реката Тополка<br><br>- Клисура на реката Црна<br>се наоѓа меѓу р. Блашница и свиокот на Црна Река<br><br>- Дреночка клисура<br>Клисурата се наоѓа на реката Раец со површина од 0.26 ха<br><br>- Демиркаписка клисура<br>Долга е 19 км (31,5 км вкупна должина) со површина од 200 ха. Страните на некои места во | - позната по некои ретки видови птици, предложена за строг природен резерват. Погодно излетиште за туристи од областа на руралниот туризам<br><br>- сув и карпест терен, висока инсолација, живеалиште на повеќе значајни животински видови, некои ретки видови птици. Предложен за научно-истражувачки природен резерват. Погодна за разгледување и едукативни активности.<br><br>- клисурата е научно-истражувачки објект со флористичко и ботаничко значење, предложен за заштита во категоријата научно истражувачки природен резерват.<br><br>- заштитен споменик на природата со научно-истражувачки ботанички објект-рефугиум. Има едукативно и научно значење<br><br>-еден од најбогатите орнитолошки резервати во Европа по застапеноста на ретки грабливи птици, постојат | СТУДИЈА ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА СТРАТЕШКИ ЛОКАЦИИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ИНФОРМАТИВНИ ПУНКТОВИ ДОЛЖ КОРИДОРОТ 10 И МАГИСТРАЛНИОТ ПРАВЕЦ М-5 ВО ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | клисурата се високи и до 900 м, а на Карадак и Трнка Рид и до 1000 метри. Има вкупно 9 пештери.<br><br>- Таорска клисура, Велешка клисура, Присад | површински и подземни карстни облици. Погодна за набљудување птици, искачување на карпи и адреналински спортови.<br><br>- Нивното значење е куриозитетно и комуникативно. | |
| **Пештери** | - Пештера Макаровец<br>Се наоѓа во с. Мамутчево, Општина Велес, во епигенетската клисура на десната долинска страна на реката Бабуна. Изградена е од сплет на повеќе канали чија вкупна должина изнесува 310 м.<br><br>- Пештера Понор (на висина од 138 м, изградена е пештера што се спушта кон дното на клисурата Пешти).<br><br>- Пештера Четири Врати<br>Пештерата се наоѓа во клисурата Пешти, Велешко. Составена е од шест отвори. На крајниот дел таа завршува во една галерија долга 16 м., широка 12 м. и со височина на таванот од околу 30 м.<br><br>- Пештера Бела Вода<br>Се наоѓа во Демиркаписката клисура, од десната страна на | Сиромашна е со пештерски украси. Во неа се наоѓа пештерско езеро. Богата е со фосилна пештерска фауна. Погодна е за спелеолошки туризам<br><br>Во јужниот дел на галеријата има отвор за другиот страничен канал кој е исполнет со пештерски накит. Погодна е за спелеолошки туризам<br><br>Пештерата е изградена од некогашниот водотек на реката Бабуна, така што овозможува комбинација на спелеолошки и речни активности, излети и прошетки<br><br>- Таа е најголема од досега истражените пештери во Македонија. На крајот од | СТУДИЈА ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА СТРАТЕШКИ ЛОКАЦИИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ИНФОРМАТИВНИ ПУНКТОВИ ДОЛЖ КОРИДОРОТ 10 И МАГИСТРАЛНИОТ ПРАВЕЦ М-5 ВО ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН<br>ЛЕР-Општина Чашка |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | реката Вардар. Вкупната должина на пештерата е 955 м. Се состои од два канала: горен (233 м) и долен (722 м).<br><br>- Пештера Горен Змејовец<br>Оваа пештера се наоѓа под врвот Краставец во Демиркаписката клисура на н.в. од 630 метри. Се состои од еден канал долг 24 м., пештерска сала со широчина од 55.14м и од еден внатрешен канал со должина од 26 м.<br><br>- Арамиска Пештера<br>Се наоѓа од левата долинска страна на реката Каменица, десна притока на Црна, во близината на Кавадарци. Нејзината вкупна должина е 251 м.<br><br>-Пештера Дамјаница<br>Се наоѓа во општина Чашка, во близина на село Богомила, во изворишниот дел на реката Бабуна под отсекот на Нежиловите Карпи на н.в. од 1580 метри. Главниот канал на пештерата, долг 88 м. е изграден по должината на една дијаклаза. | долниот канал има подземно езеро. Истражувана е и постојната пештерска фауна. Погодна за спелеолошки активности.<br><br>- Има спелеолошко значење. Предложена е за заштита во категоријата споменици на природата.<br><br>-Во пештерата се наоѓа пештерско езеро (12 м2). Длабоко е 5 м. Во пештерата има украси (саливи, сталктити и сталагмити). Постои можност за уредување и презентирање пред туристичката публика.<br><br>- Пештерата завршува во една долгнавеста галерија која е исполнета со сталактити и сталагмити и други украси, така што поседува естетски својства и е погодна за уредување во функција на посетеност. . | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | -Галишка пештера<br>Оваа пештера се наоѓа во близина на Кавадарци и е долга 180 м.<br><br>-Пештера Црквиче<br>Се наоѓа во близина на Кавадарци и е со должина од 86м.<br><br>- Пештера Извор на р. Бабуна<br>Пештера со должина од 159 м. Претставува водокатализатор на реката Бабуна. Водите потекнуваат од Беговскиот Поток кој понира во јужниот дел на Бегово Поле.<br><br>Маркова Пештера (Општина Чашка). | - Има специфични спелеолошки украси-лепези. Предложена е за заштита како споменик на природата со спелеолошко значење.<br><br>- Ова е пештера со пештерна црква. Предложена е за заштита како споменик на природата со културно-историско значење.<br><br>- Значајна е за проучување на карстната хидрологија. Се наоѓа во Општина Чашка, во близина на Богомила и предложена е за заштита како споменик на природата .<br><br>- Пештерата својата атрактивност ја здобила поради остатоците од црква која ги има во својата внатрешност. Од малата црква која некогаш се наоѓала овде, зачувани се делови од капелата и олтарот. Фреските кои постојат на овие делови се создадени во 15 или 16 век | |
| **Палеонтолошки форми** | - Караслари<br>Овој палеонтолошки локалитет се наоѓа околу 3 км југоисточно од Велес во близина на истоименото село. Фосилното наоѓалиште е откриено во 1973 година при изградбата на | - По богатството на пронајдените фосилни цицачи (коњи, газели, жирафи, свињи, кучиња и др.), овој локалитет се вбројува во едно од најпознатите наоѓалишта кои досега се откриени во светот. Поволно за | СТРАТЕГИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И МАРКЕТИНГ ВО ТУРИЗМОТ ВО ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2011 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | автопатот Велес - Гевгелија.<br><br>- Превалец<br>(површина од околу 50 ха) се наоѓа на оддалеченост од 4 км југозападно од Велес.<br><br>- Калница<br>(општина Кавадарци), површина од околу 0.67 ха.<br><br>- Змијарник<br>Локалитетот се наоѓа североисточно од селото Ќоселери, на потегот Велес-Штип во општината Лозово | едукативни посети.<br><br>-Значењето на објектот е во тоа што претставува прво откриено наоѓалиште со фосилни коски од цицачи - "пикермиска фауна" во Македонија.<br>Објектот е заштитен споменик на природата, како научно-истражувачки објект со посебно палеонтолошко значење, и погодно за културно-едукативни посети.<br><br>- Палеонтолошки локалитет со богатство на фосилни коски од рбетници главно од пикермиска фауна. Заштитен е согласно Законот, во категорија споменици на природата, погодна за едукативни посети.<br><br>- Ова е научно-истражувачки објект со особено палеонтолошко значење и едукативна намена. Предложен е за заштита како споменик на природата | |

| ХИДРОГРАФИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| Извори | Во сливот на Средното Повардарие регистрирани се вкупно 288 извори со вкупна издашност од 0,63 м$^3$/сек, или 20 мил. м3 вода годишно.<br><br>- Изворот на Белешница, Оча, Салакова Река, врелото на река Бабуна, изворишните челенки на Патишка Река, Маркова, Кадина Река, Бабуна, Тополка, Пепелник и Белешница, Лукар 1 и 2, извор Косматец, извор на Бистричка река и извориште на река Дошница | Од големите извори со издашност над 100 лит/сек регистрирани се три извори од кои два се каптирани за водоснадбување на Кавадарци, Неготино и 13 селски населби<br><br>Погодни се за излетишта, пиење на чиста изворска вода и едукативни активности (школо во природа, екскурзии). | СТРАТЕГИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И МАРКЕТИНГ ВО ТУРИЗМОТ ВО ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2011 |
| Реки | - Вардар<br>- Отовица<br>- Тополка<br>- Бабуна<br>- Брегалница<br>- Црна река<br>- Луда Мара<br>- Бошава<br>- Светиниколска река<br>- Река Мавровица<br>- Река Оча<br>- Беличка река<br>- Река Пештери<br>- Клисурска река<br>- Дренска река<br>- Кавадаречка река<br>- Стара река<br>- Иберлиска река | Водостоите за време на летниот период се екстремно ниски. Не предизвикуваат поплави ниту загрозување на патната инфраструктура.<br>Можности за изградба на брани, рибници, развој на спортски риболов,спортови на вода и изградба на мини-хидроцентрали. | СТРАТЕГИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И МАРКЕТИНГ ВО ТУРИЗМОТ ВО ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2011 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Бистричка река<br>- Река Раец<br>- Река Мала Јаворица<br>- Каменица<br>- Водовратска река<br>- Река Дошница<br>- Виничанска река<br>- Страгарница<br>- Вешка река<br>- Копришница<br>- Моминска река | | |
